2 -. Мостови од Дупли мост до плоштад.

3 - Раскрсници кај „Автобуска станица„ и пресек со ул.„9 Мај“, кај „Два другара“, „Стришани“, „Вел Јан“, „Павлина Велјанова“ - кај „Грозд“ до спој со ул. „Роза Петрова“

4 – ул.Глигор Апостолов Гочо,ул. Тодосие Паунов до раскрсница кон Оризари од Кочанска страна ,ул.„9-ти мај“, „Роза Петрова“ „Димитар Влахов“, ул.„Маршал Тито“ и „Кеј на Револуција“.

По расчистувањето на улиците со 1. приоритет за интервенција ќе се пристапи кон расчистување на улиците од 2. приоритет по следниот редослед:
2. Приоритет на интервенција се улиците:

- ул. „Љупчо Сантов“ од плоштад до ул.„Евлија Челебија“ па по ул.„Евлија Челебија“ до спој со „Тодосие Паунов“ (кај Кузе)
- Градски Плоштад
- ул: „Борис Трајковски“ до бр. 96
- ул: „Гоце Делчев“ до бр. 100

На расчистување на улиците од 3 приоритет ќе се пристапи по завршувањето на расчистувањето на улиците од 1. и 2. приоритет.

3. Приоритет на интервенција се нагорнините и раскрсниците во градот, за отворање простор за изнесување на смет.

- ул. „Македонска“
- ул. „Искра“
- ул. „Руен“
- приод кон ул: „Крушевска“
- ул. „Солунска“ до ул. „Вера Попова“ и ул. „Кирил Змбов“
- приоди према ул. „Боро Ловџија“ и ул. „Питу Гули“
- дел од ул. „Јане Сандански“ до ул. „Гоце Делчев“ до Бавчалук
- Пристап до ул. „14 Бригада“ од ул. „Гоце Делчев“ до ул. „Цар Самоил“.
- ул. „Илинденска“ од до ул. „Браќа Миладинови“
- ул. „Ѓ.Петров“ до ул. „Роза Петрова“

Зимското одржување на улиците и тротоарите на територијата на општина

Кочани кои не се предвидени со оваа Програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен писмен налог од нарачателот.

3.5.2.1 КЈП ВОДОВОД – КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

· Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите д о контејнерите за смет и околу нив;
· Ги расчистува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, како и други јавни површини;
· Обврските на КЈП „Водовод“ - Комунална хигиена, предвидени со оваа точка се покриваат од цената на ѓубрарината.
· Контрола врз работата на КЈП „Водовод“ Комунална хигиена врши надлежен орган во општината.

3.5.2.2 КЈП ВОДОВОД –ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

· Ја оспособува атмосферската канализација и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови и со цистерни ја отстранува водата од „црните точки“ каде нема атмосферска канализација(подвозници, улици и други работи сврзани со зимската служба);
·

3.5.2.3 КЈП ВОДОВОД – ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

- Врши сечење и отстранување од коловоз на паднати дрва и гранки;
-Го отстранува снегот и пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот и други работи сврзани с о зимск ата служба;
-Контрола врз работата на КЈП „Водовод“ – Паркови и зеленило врши надлежен орган на општината.

3.5.3 ЕВН МАКЕДОНИЈА КЕЦ – КОЧАНИ

Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите, непосредната околина околу трафостаниците и други објекти;

3.5.4 М А К Е Д О Н С К И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ – РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА КОМУНИКАЦИИ КОЧАНИ

Ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации.

3.5.5 СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА ПРИ ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти. Во исклучителни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог до ЈП за одржување на патиштата „Македонија пат“ – Подружница Кочани и надлежниот општински орган за преземање на активности за оспособување на сообраќајниците или одделни делови (црни точки).

3.5.6 ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Е должен да врши масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

3.5.7 ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ:

Да земе активно учество во изготвувањето на програмата, следење на нејзино спроведување и на севкупната состојба во з и м с к и от п е р и од з а р а д и бл а го

в р е м е н о превземање на превентивни мерки за заштита и спасување, к ак о и к онкретни ак тивности за соодветна дообука и подготвеност на екипите – лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

3.5.8 УПРАВАЗАХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ

Ги доставува извештаите и прогнозите (дневни, тридневни, неделни и месечни) за временските услови до ЈП за одржување на патиштата „Македонија Пат" и Општина Кочани.

3.5.9 УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ НА ОПШТИНАТА

Се должни да превземат одговорност во смисла: да го известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за отстранување на снежните наноси, притоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за д а м ож ат во д о го во р с о О п ш т и н а Кочани д а превземат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што до одделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето.

3.5.10 ДРУГИ УЧЕСНИЦИ

Единиците на дирекцијата за заштита и спасување, месните и урбани заедници, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од страна на советот на општината.

3.5.11 Правните и физичките лица превземаат брзи, ефикасни мерки за отстранување на снегот и мразот на отворените простори пред јавните објекти (пазариштата, гробиштата, железничките премини, бензиски пумпи, паркиралишта и слични објекти) со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

3.5.12 Правните и физички лица како сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (Стоковни куќи, дуќани , продавници и слични објекти ) превземаат мерки за чистење на снегот и мразот пред своите објекти.

3.5.13 Граѓаните однос но сопствениците, станарите и закупувачите на станбените објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите – патеките и приодите пред своите станбени згради. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите при што се води сметка безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

3.5.14 Извршителите на јавниот Градски и Приградски превоз преземаат мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските постојки и нивно оспособување за користење;

4.ОБЕМ, ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

4.1 Обем на одржување
Обемот на работите се утврдува согласно приоритетот на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Кочани за нормално и безбедно функционирање на сообраќајот.
Приоритетот се одредува согласно:
-Густината на населеноста на делови од градот;
- Фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
-Нормално функционирање на објектите

кои се од витално значење на општината,
-Видот и бројот на инфраструк т урни објекти;

Посипувањето на голомразица со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет, на критичните точки на општинските патишта и улици, кои се препознаваат како такви од претходното искуство.

4.2 ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

Одржувањето на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Кочани во зимски услови се врши со ангажирање на:
-Механизација
-Специјални машини и опрема,
-Работна сила и
-Средства(сол, песок и ладен асфалт) Во случај на зголемена потреба ќе се ангажира и дополнителна градежна оператива.

Извршувањето на активностите за зимско одржување опфаќа четири степени на подготвеност со кои треба да се усогласат правните лица избрани во постапка на спроведен тендер и тоа:

ПРВ СТЕПЕН – Првиот степен опфаќа подготвеност на перс онал от и опремата во прифатлив број, со цел тимовите за зимско одржување да бидат спремни за интервенција во секое време.

ВТОР СТЕПЕН – опфаќа подготвеност за интервенција на тимови за зимско одржување со чистење, посипување со сол и сите останати активности за зимско одржување кога температурата осцилира околу 0 степени со можност од врнежи од снег и појава на мраз.

ТРЕТ СТЕПЕН – опфаќа подготвеност за постојана интервенција , во случај кога има подолго време на паѓање на снег.

ЧЕТВРТ СТЕПЕН – опфаќа подготвеност за интервенција во вонредни ситуации, каде вкупниот број на тимовите за интервенција не може да ги покрие сите потреби и треба да се повика додатна екипа за работа.

5.НАДЗОР

Надзор над спроведување на оваа програма, врши надлежниот орган во Општина Кочани – Одделение за уредување на градежно земјиште.
Надзор над количината и квалитетот на извршените работи и одобрени количини за извршени работи врши лице определено од Општината .

6.ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекциски надзор согласно законските одредби и овластувања вршат:
5.1 Овластен комунален инспектор
· Врши инспекциски надзор на чистењето на јавно прометните површини во зимскиот период согласно Законот за јавна чистота
5.2 Овластен инспектор за патишта
· Врши инспекциски надзор согласно Законот за јавните патишта на општинските патишта и улици
6 .3 Државен инспектор за патишта
· Врши инспекциски надзор согласно Законот за јавните патишта

7.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени во табелата подолу ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кочани, со средства од Програмата на активностите на Општина Кочани во обласа на одржување на улици и патишта (Ј6) и тоа:

Рекапитулар:

| | | |
|---|---|---|
| Ј6 | 1.600.000,00ден. | Зимско одржување на локални патишта и улици |
| Ј6 | 600.000,00ден. | Зимско одржување на улици (КЈП Водовод Кочани) |
| FD | 250.000,00ден. | Одржување на општински пат во рурално подрачје с.Главовица |
| Вкупно | 2.450.000,00ден. | |

Општина Кочани ќе изврши трансфер на средства на изведувачите на Програмата.

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2004/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

Програма
за изменување на Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година

I.

Во Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година донесена од Советот на Општина Кочани под број 09-2455/1 од 30.12.2022 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.18/2022) и Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година донесена од Советот на Општина Кочани под број 09-1111/1 од 31.05.2023 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.5/2023) се вршат следните измени и тоа:

I.1. Во точка 5. БУЏЕТ НА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ЛЕР, се брише табелата:

| **Рб.** | | **Активност** | **ОПШТИНА КОЧАНИ (МКД)** | **Надворешни фондови (МКД)** | **Вкупно (МКД)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕА | Систем за ладење и греење во МКЦ | 658.710 | 2.515.490 | 3.174.200 |
| 2 | ЈН | Реализација на проектот „Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион - Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани“ (ЦРИПР) | 1.650.834 | 2.553.676 | 4.204.510 |
| 3 | ГА | Реализација на проектот за изградба на социјални објекти за дислокација на жителите од старата касарна | 0 | 16.000.000 | 16.000.000 |
| 4 | ЈА,ЕА | Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување | 363.075 | 3.067.752 | 3.430.827 |
| 5 | ЈД | Уредување на СРЦ Пониква преку ЦРИПР | 1.238.073 | 7.561.214 | 8.799.287 |
| 6 | ЈН | Конзервација и реставрација на Споменикот на слободата | 0 | 15.000.000 | 15.000.000 |
| 7 | ЈН, Н1 | Проектот од ROMACTED Програмата | 0 | 927.000 | 927.000 |
| 8 | ЕА | Набавка на мебел за дел од просториите во Мултикултурниот Центар | 600.000 | 0 | 600.000 |
| 9 | Е0, ЕА | Business Friendly Certification на општина Кочани | 300.000 | 0 | 300.000 |
| 10 | Г1 | Реализирање на проектите од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2- ReLOaD2 (средствата се префрлаат на сметка на УНДП) | 619.931 | 2.332.119 | 2.952.050 |
| 11 | ЕА | Изградба на покрив над лифтот во општинската зграда | 150.000 | 0 | 150.000 |
| 12 | Г1 | Финансиска поддршка на Центарот за развој на Источниот Плански Регион и Организација на потрошувачи | 400.000 | 0 | 400.000 |
| 13 | Г1 | Финансиски средства за сместување на гости и учесници во манифестации | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 14 | ЈД | Консултантски услуги (изработка на елаборати, студии, извештаи и проектна документација) | 300.000 | 0 | 300.000 |
| 15 | ЈД | Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак | 124.412 | 791.175 | 915.587 |
| 16 | Р1 | PREPARE од Еразмус+ Програмата | 0 | 1.436.850 | 1.436.850 |
| 17 | ЈД | Наше учество во проектот за Препумпна станица за дел од системот Висока зона на притисок на град Кочани | 1.749.292 | 0 | 1.749.292 |
| 18 | ЈД | Наше учество во проектот Изградба на локален пат мв.Крушка - мв.Ајдар втор дел | 3.000.000 | 0 | 3.000.000 |
| 19 | Г1 | Обуки за млади | 60.000 | 0 | 60.000 |
| 20 | ЈД | Намалување на загубите на вода во системот за водоснабдување и искористување на сончевата енергија во КЈП „Водовод“ Кочани | 13.772.064 | 13.772.064 | 27.544.128 |
| | | **ВКУПНО** | **25.086.391** | **65.957.340** | **91.043.731** |

и се заменува со следнава:

| Рб. | | Активност | ОПШТИНА КОЧАНИ (МКД) | Надворешни фондови (МКД) | Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕА | Систем за ладење и греење во МКЦ | 658.710 | 2.515.490 | 3.174.200 |
| 2 | ЈН | Реализација на проектот „Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион - Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани“ (ЦРИПР) | 1.650.834 | 2.553.676 | 4.204.510 |
| 3 | ЈД | Изградба на фекална канализациона мрежа на дел од населено место Оризари | 341.289 | 5.000.000 | 5.341.289 |
| 4 | ЈА, ЕА | Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување | 363.075 | 3.067.752 | 3.430.827 |
| 5 | ЈД | Реконструкција на дел од ул.„Стамен Манов“ | 2.866.185 | 2.125.215 | 4.991.400 |
| 6 | ЈН | Конзервација и реставрација на Споменикот на слободата | 0 | 5.800.000 | 5.800.000 |
| 7 | ЈН, Н1 | Проектот од ROMACTED Програмата | 0 | 927.000 | 927.000 |
| 8 | ЈД | Реконструкција на дел од кровот на ОУ Св. „Кирил и Методиј“ | 0 | 13.558.000 | 13.558.000 |
| 9 | ЈД | Намалување на загубите на вода во системот за водоснабдување и искористување на сончевата енергија во КЈП „Водовод“ Кочани | 4.500.000 | 11.000.000 | 15.500.000 |
| 10 | Г1 | Реализирање на проектите од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2- ReLOaD2 (средствата се префрлаат на сметка на УНДП) | 619.931 | 2.332.119 | 2.952.050 |
| 11 | Г1 | Финансиска поддршка на Центарот за развој на Источниот Плански Регион и Организација на потрошувачи | 400.000 | 0 | 400.000 |
| 12 | Г1 | Финансиски средства за сместување на гости и учесници во манифестации | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 13 | ЈД | Консултантски услуги (изработка на елаборати, студии, извештаи и проектна документација) | 300.000 | 0 | 300.000 |
| 14 | ЈД | Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак | 124.412 | 791.175 | 915.587 |
| 15 | Р1 | PREPARE од Еразмус+ Програмата | 0 | 210.000 | 210.000 |
| 16 | ЈД | Наше учество во проектот за Препумпна станица за дел од системот Висока зона на притисок на град Кочани | 1.749.292 | 0 | 1.749.292 |
| 17 | ЈД | Наше учество во проектот Изградба на локален пат мв.Крушка - мв.Ајдар втор дел | 3.000.000 | 0 | 3.000.000 |
| 18 | Г1 | Младинска локална банка | 120.000 | 0 | 120.000 |
| | | ВКУПНО | 16,749,728 | 49,880,427 | 66,630,155 |

II.

Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-2005/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Република Македонија" бр. 5/2002 година), а во согласност со Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во РМ бр.19-2164/1 од 02.06.2005 година , член 5 од Законот за даноците на имот („Сл. весник на Република Македонија" бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011,53/2011,84/2012,188/13,154/15,192/15,23/16і 151/2021 година) и член 1 , 2 и член 16 став 2 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл.весник на Република Македонија" бр. 54/2012, 17/2013, 21/2013 и 142/2014 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
### за определување на зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани, згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на Општина Кочани

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат шест (6) зони на подрачјето на Општина Кочани за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани и на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Кочани како основа за пресметување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет.

Прва зона:
Започнува на север од ул.„Маршал Тито" бр.42, продолжува на југ до ул.„Маршал Тито" бр.45, продолжува на исток преку мостот на Кочанска река до ул.„Кеј на Револуција" бр.20, продолжува на југ до ул.„Кеј на Револуција" бр.31, потоа продолжува од почетокот на ул.Тодосија Паунов бр.1 до ул.„Тодосија Паунов" бр.19 (непарен) и до ул.„Тодосија Паунов" бр.8 (парен), продолжува на запад по северната граница на катастарската парцела на основно училиште „Никола Карев" до спој со ул.„Никола Карев", продолжува на запад по осовината на ул.„Никола Карев„ преку мостот на Кочанска Река и продолжува по осовината на ул.„Стево Тодосиевски" и оди до спојот со ул.„Димитар Влахов", и од ул.„Димитар Влахов" бр.98 продолжува на север опфаќајки ги парните броеви на оваа улица и завршува до спојот на ул.„Маршал Тито" бр.42 односно целиот овој опфат со внатрешноста.

Втора зона:
Започнува на север од ул.„Раде Кратовче" бр.1 и ул.„Раде Кратовче" бр.8, продолжува на југ до ул.„Раде Кратовче" бр.2, ул.„Љупчо Сантов" бр.1, ул.„Љупчо Сантов" бр.3 и ул.„Љупчо Сантов" бр.4, продолжува на југ по ул.„Тошо Арсов" од бр. 1 до завршетокот на улицата со бр. 49, продолжува на исток и југ од ул.„8-ми Септември" бр.45а до „ул.8-ми Септември" бр.77 и продолжува по истата улица од бр.1 до бр.15 се до спојот со ул.„9-ти Мај", продолжува до ул.„9-

ти Мај“ бр.5 и ги опфаќа и броевите 2, 4, 6 и 8, потоа продолжува од ул.„Тодосија Паунов“ бр.45 и продолжува на југо-исток се до бр.93б потоа свртува на југо-запад по осовината на ул.„Тодосија Паунов“ се до спој со Железничката пруга, потоа продолжува на запад по железничката пруга се до спој со ул.„Димитар Влахов“ бр,109 (непарен) каде свртува на север и продолжува по ул.„Димитар Влахов“ бр.126 (парен) се до ул.„Димитар Влахов“ бр.100а, потоа продолжува по ул.„Страшо Пинџур“ и тоа од броевите од 1 до 7 се до спој со ул.„Страшо Ербапче“ бр.26 (парен) и ул.„Страшо Ербапче“ бр.121 (непарен), продолжува на север се до ул.„Страшо Ербапче“ бр.165, свртува на североисток по границата на КП.бр.12295 и КП.бр.13120 сѐ до спој со ул.„Илинденска“, потоа продолжува на север и од ул.„Илинденска“ бр.17, ул.„Илинденска“ бр.15 и ул.„Илинденска“ бр.15а се спојува со ул.„Д-р Николич“ бр.66 и оди на север до ул.„Д-р Николич“ бр.4б, продолжува на исток до спој со ул.„Гоце Делчев“ опфаќајки ги ул.„Гоце Делчев“ бр.7а и ул.„Гоце Делчев“ бр.6а, продолжува на југ по коритото на Кочанска Река преминува преку мостот на Кочанска Река, оди на север по коритото на Кочанска Река и завршува со ул.„Раде Кратовче“ бр.1. Втората зона ја опфаќа површината помеѓу гореопишаната граница и границата на прва зона

Во оваа зона спагаат и сите градежни објекти наменети за домување во станбени згради А2, освен објектите кои се наменети за домување во станбени згради А2 а се опфатени со зона еден.

Трета зона:

Започнува на север од ул.„Борис Трајковски“ бр.103 и оди на југ до ул.„Борис Трајковски“ бр.99 до спој со ул.„Раде Кратовче“ бр.138, продолжува на југ се до ул.„Раде Кратовче“ бр.54 свртува на исток по ул.„Коста Рацин“ и ги опфаќа броевите 15, 29, 31 и 14 се до спој со ул.„Крушевска“, продолжува по ул.„Крушевска“ од бр.32 до ул.„Крушевска“ бр.16, продолжува по ул.„Стив Наумов“ од бр.37 до бр.50, продолжува на југ до спој со ул.„Љупчо Сантов“, потоа продолжува од ул.„Љупчо Сантов“ бр.11 до ул.„Љупчо Сантов“ бр.129, продолжува по границата на КП.бр.11356 до спој со ул.„Стамен Манов“, продолжува по ул.„Стамен Манов“ и тоа броевите 1, 2, 2а, 4 и 6 се до спој со ул.„Евлија Челебија“ бр.54, продолжува по ул.„Евлија Челебија“ опфаќајки ги и броевите 52, 50 и 48 се до спој со ул.„Цветан Димов“ бр.1, продолжуба на исток и север по ул.„Цветан Димов“ до бр.29, продолжува на северо-исток по осовината на ул.„Цветан Димов“ се до ул.„Цветан Димов“ бр.100 односно до спој со ул.„Киро Кикенски“, продолжуна на југ од ул.„Киро Кикенски“ бр.98 до ул.„Киро Кикенски“ бр.52 односно до спој со магистралниот канал, потоа продолжува по должината на магистралниот канал се до спој со ул.„Кирил Ѕмбов“ бр.47, продолжува на југоисток по осовината на ул.„Кирил Ѕмбов“ до спој со ул.„Тодосија Паунов“, продолжува на запад по осовината на ул.„Тодосија Паунов“ се до спој со границата на втора зона кај ОУ„Малина Поп Иванова“ продолжува на запад по границата на втора зона до спој со ул. „Никола Карев“, потоа продолжува на југ по осовината на ул.„Никола Карев“, до спој со КП бр.15403/1 каде свртува на запад и оди по јужната граница на КП бр.15403/1, КП бр.15403/2 и КП бр.15403/3 и продолжува по осовината на крак на улица „Вера Которка“ се до улица „Вера Которка“ каде свртува на југозапад и продолжува по осовината на улица „Вера Которка“ по источниот брег по течението на Кочанска Река, сѐ до спој со опфатот на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.) или КП бр.15366 и продолжува на југозапад, потоа продолжува на запад по осовината на ул.„559“ се до спој со ул.„Димитар Влахов“, продолжува на запад по осовината на ул.„Димитар Влахов“ се до спој со ул.„Бел Камен“, продолжува на север и северо-исток по осовината на ул.Бел Камен се до ул.„Бел Камен“ бр.134 потоа

продолжува на запад до спој со ул.„Орце Николов“ продолжува на север од ул.„Орце Николов“ бр.59 до ул.„Орце Николов“ бр.6, каде се спојува со магистралниот канал потоа продолжува на северо-исток по должината на магистралниот канал до спој со ул.„Бел Камен“ бр.70И, продолжува по ул.„Бел Камен“ до ул.„Бел Камен“ бр.60, оди ма запад до ул.„Бел Камен“ бр.54А до спој со ул„Ѓорче Петров“ бр. 65, продолжува на север по ул„Ѓорче Петров“ с⊠ до ул„Ѓорче Петров“ бр. 27, свртува на исток до ул.„Бел Камен“ бр.26 и продолжува на север се до ул.„Бел Камен“ бр.2 каде се спојова со ул.„Страшо Ербапче“, продолжува на северозапад по со ул.„Страшо Ербапче“ од број 217 до број 225 (непарен број) и 76 (парн број), продолжува на североисток до ул. „Димитрија Лазаров“ бр. 13 (непарен број) и број 52 (парен број), продолжува на североисток по ул. „Јордан Зафиров“ до спој со ул.„Кирил и Методиј“ бр. 137, продолжува на југоисток по осовината на ул.„Кирил и Методиј“, потоа продолжува по ул.„Кирил и Методиј“ бр. 82, број 80 и број 78 се до спој со улица „14-та Бригада“ бр.141 и ул.„Душан Петровски“ бр. 17 и бр.15, потоа продолжува на север по улица „14-та Бригада“ од брпј 143 до број 57 (непарен број) и број 84 (парен број), продолжува на југоисток по улица „14-та Бригада“ (каде ги опфаќа првиот ред од објакти на улицата) се до спој со улица „Цар Самоил“ бр. 11, продожува на север по улица „Цар Самоил“ до број 71 каде се спојува со улица „Гоце Делчев“ бр. 88Г, продожува на север по улица „Гоце Делчев“ се до број 100 од улица„Гоце Делчев“, каде свртува на југоисток преку мостот на Кочанска река и се спојува со ул.„Борис Трајковски“, продолжува североисточно по осовината на ул.„Борис Трајковски“ и завршува со ул.„Борис Трајковски“ бр.103. Третата зона ја опфаќа површината помеѓу гореопишаната граница и границата на втора зона со која се опфатени сите градежни објекти освен објектите наменети за домување во станбени згради А2.

Четврта зона:

Започнува на север од КП бр. 8370 КО Кочани, прминува прку Кочанска Река и патот Кочани-Брана Градче и продолжува на југ по границите на опфатот на Генералниот Урбанистички План на Град Кочани (донесен со Одлука бр. 09-1401/1 од 15.07.2016год.) се до спојот со границата на опфатот на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.) кај КП бр. 4766/3 КО Кочани, продолжува на југоисток по границата на опфатот на ДУП на град Кочани „ продолжува на запад по границите на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.)“ се додава: „до спој со улица „Никола Карев“, потоа продолжува на запад по осовината на ул. „559“ и продолжува на југозапад и запад по границите на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.)“, продолжува на југ по осовината на улица 1 до спој со улица 3, продолжува на исок по осовината на улица 2, продолжува на север по осовината на улица 2, до границата на опфатот на ДУП на град Кочани за локалитет Ромско маало дел од урбан блок 1 (донесен со Одлука бр. 07-751/1 од 27.02.2006год.), продолжува на исток по опфатот на горе наведениот детален план се до спој со ул.„Александар Алексиев“, потое продолжува на југ по осовината на ул.„Александар Алексиев“ до ул.„Александар Алексиев“ бр.18, продолжува од ул.„Александар Алексиев“бр.2 се до спој со ул.„Иван Дејанов“, продолжува на исток по осовината на ул. „Иван Дејанов“, се до ул. „Иван Дејанов“ бр. 9, продолжува од ул. „Иван Дејанов“ бр. 9 до ул. „Иван Дејанов“ бр. 19, се до спој со ул.„Крум Вранински“ бр. 33, продолжува на север по ул.„Крум Вранински“ од бр. 33 до бр. 57 (непарен број) и 44 (парен број), продолжува на североисток преку границите на КП бр. 10217/2 КО Кочани, КП бр. 10217/1 КО Кочани и КП бр. 10219 КО Кочани се до спој со улица „Македонска“ бр. 171, продолжува по осовината на улица „Македонска“ се до спој со улица „15-ти Македонски корпус“, продолжува на југ по

улица „15-ти Македонски корпус“ од бр. 20 до бр.2 се до спој со улица „Разловечко востание“, продолжува на југ по осовината на улица„Разловечко востание“ се до спој со ул.„515“,продолжува на југозапад по осовината на улица .„515’ до сопј со улица „Искра“, продолжува по улица „Искра“ од бр. 94 до бр.80, продолжува на југ и исок по улица „Вера Циривири“ од бр.1 до бр. 19 се до спој со улица „521“,продолжува на југозапад и исок по улица „521“ се до спој со ул.„Ѓорѓи Пулевски“,продолжува на исток од осовината на ул.„Ѓорѓи Пулевски“ до спој со улица „Кирил Ѕмбов“,продолжува на југозапад по осовината на улица „Кирил Ѕмбов“ се до спој со Магистралниот канал, продолжува на исток по должината на Магистралниот канал, се до спој со ул.„Генерал Апостолски“, продолжува на југ по осовината на улица „Генерал Апостолски“ се до спој со улица „Тодосија Паунов“, потоа продолжува на југозапад и југ по границата меѓу КО Кочани и КО Оризари.се до спој со ул.„542“ и опфатот на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.), продолжува на запад по границите на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.) и завршува на север до КП бр. 8370 КО Кочани. Четвртата зона ја опфаќа површината помеѓу гореопишаната граница и границата на трета зона со која се опфатени сите градежни објекти освен објектите наменети за домување во станбени згради А2.

Петта зона:
Петта зона ја опфаќа површината помеѓу границите на опфатот на Генералниот Урбанистички План на Град Кочани (донесен со Одлука бр. 09-1401/1 од 15.07.2016год.) и границата на четврта зона. Петата зона се однесува и на селата во полските подрачја на општина Кочани со која се опфатени сите градежни објекти освен објектите наменети за домување во станбени згради А2.

Шеста зона:
Во оваа зона влегува целото градежно земјиште кое е опфатено со Деталните урбанистички планови за подрачјето на општина Кочани и како такво со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.142/2015) е наменето за домување во станбени згради-А2 и за комунална супраструктура-бензински пумпни станици и услужни центри.

Член 2
За објектите и градежното земјиште кои се наоѓат надвор од населените маста а се во опфатите на важечките Урбанистички планови за вон населените места и тоа: УПВНМ за изградба на комлекс со основна класа на намена Г-2 лесна и незагадувачка индустрија во м.в.Цацков бунар КО Тркање (донесен со одлука бр.09-2803/1 од 28.12.2018год.), УПВНМ за стопански комлекс за производство,дистрибутивно-откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи во м.в.Виничка вада (донесен со одлука бр.07-3140/1 од 06.12.2012год.), УПВНМ за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи во м.в.Керамидница (донесен со одлука бр.07-1644/1 од 08.07.2010год.) и УПВНМ за стопански комплекс (компостара) КО Кочани (донесен со одлука бр.07-1574/1 од 03.07.2013год.), ќе важат одредбите кои се однесувата на четвртата зона. Во оваа зона ќе влезат и сите објекти и градежното земјиште кои се наоѓат надвор од населените маста а кои во иднина ќе бидат опфатени со Урбанистичките планови за вон населените места.
За објектите кои се наоѓаат на подрачјето на КО Пашаџиково ќе важат одредбите кои е однесуваат на подрачјата кои имаат статус на специфични подрачја(ридско планински,рурални други подрачја кои заостануват во развојот).

Член 3

Пазарната вредност на зградите и другите градежни објекти според зони ја утврдуват проценувачи вработени во Општина Кочани со пресметковни бодови по метар квадратен функционална површина и тоа:

За првата зона, пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина според локални услови соодветствуваат на пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина утврдени за деветата зона од член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и изнесуват 200 пресметковни бода.

За втората зона, пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина според локални услови соодветствуваат на пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина утврдени за десетата зона од член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и изнесуват 150 пресметковни бода.

За третата зона, пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина според локални услови соодветствуваат на пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина утврдени за единаесетата зона од член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и изнесуват 120 пресметковни бода.

За четвртата зона, пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина според локални услови соодветствуваат на пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина утврдени за дванаесетата зона од член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и изнесуват 100 пресметковни бода.

За петата зона, пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина според локални услови соодветствуваат на пресметковните бодови по метар квадратен функционална површина утврдени за тринаесетата зона од член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и изнесуват 80 пресметковни бода.

Член 4

Вредноста на пресметковниот бод изнесува едно Евро во денарска противредност според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија, пресметан на денот на утврдување на пазарната вредност на зградите и другите градежни објекти .

Член 5

За индивидуалните станбени згради(куќи) во селските населби Бели,Тркање,Г.Подлог,Грдовци,Оризари и Црвена нива макролокацијата се намалува за 50% од последната градска зона а за селскитнаселби Д.Подлог,Мојанци и Прибачево се намалува за дополнителни 10%

Член 6

Со донесувањето на оваа одлука престануват да важат Одлуката за определување на зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Кочани бр.09-300/1 од 30.01.2019, Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за определување на зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Кочани бр.09-1512/1 од 11.07.2019 г. и Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за определување на зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се

изградени на подрачјето на општина Кочани бр.09-360/1 од 31.01.2020 г.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1996/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 14.11. 2023 година, донесе

О Д Л У К А
за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП бр. 2819 КО Полаки и на КП бр.509 КО Прибачево, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 1

Се утврдува непроширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП бр. 2819 КО Полаки и на КП бр.509 КО Прибачево, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да не се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат со намена викенд куќа (А4-3), кој се наоѓа на КП бр. 2819 КО Полаки, запишана во Имотен лист бр. 161, кој објект е означен како број на зграда 1.

2. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да не се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат со намена индивидуална станбена зграда (објект наменет за домување во станбена куќа А1-1), кој се наоѓа на КП бр.509 КО Прибачево, запишана во Имотен лист бр.51, кој објект е означен како број на зграда 1.

Член 3

Оваа одлука претставува основ за одбивање на барањето за утврдување на правен статус поради неисполнување услови за издавање на урбанистичка согласност согласно член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1997/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество - кофинансирање на проектот „Уредување на СРЦ Пониква"

Член 1

Во Одлуката за сопствено учество - кофинансирање на проектот „Уредување на СРЦ Пониква" („Службен гласник на Општина Кочани" бр.--/2022) се вршат следните измени и дополнувања:

Членот 2 се менува и гласи:

Вкупниот потребен износ за реализација на Активност 1 – Пристапна улица во Пониква е 8.799.287,00 денари, од кои 7.561.214,00 се обезбедени од Биро за регионален Развој, а остатокот во максимален износ од 1.238.073,00 денари сопствено учество – кофинансирање од Буџетот на Општина Кочани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-2007/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за за обележување на возилата , сопственост на општина Кочани

Член 1

Советот на Општина Кочани бара најдоцна до 31-ви декември 2023 година, да се обележат возилата што се во сопсвеност на Општина Кочани со обележјата на Општина Кочани.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кочани".

Бр.09-2009/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.52002) и согласно членот 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр. 19-2250/1 од 05.03.2013 и бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Крсте Петков Мисирков" с. Оризари- Кочани во учебната 2023 - 2024 година

I

Советот на Општина Кочани дава позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ с.Оризари-Кочани – во учебната 2023 - 2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1993/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.52002) и согласно членот 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр. 19-2250/1 од 05.03.2013 и бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Никола Карев“ – Кочани во учебната 2023- 2024 година

I

Советот на Општина Кочани дава позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Никола Карев“ – Кочани во учебната 2023- 2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1994/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.52002) и согласно членот 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр. 19-2250/1 од 05.03.2013 и бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани во учебната 2023- 2024 година

I

Советот на Општина Кочани дава позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани во учебната 2023-2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1995/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/2002), а во врска со член 26 став 1 точка 4 од Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр.32/ 1997 и 110/2008), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

П Р Е П О Р А К А
за изведување Химната на Република Македонија

I.

1.Советот на Општина Кочани им препорачува на општинските основни и средни училишта кои имаат технички можности, а тие што немаат по обезбедувањето на истите со одлуки на Училишните одбори да ја изведуваат Химната на Република Македонија со подигање знаме на јарбол, на достоинствен начин секој прв ден во седмицата, во согласност со закон.
2. Пред започнување седница на Совет на Општина Кочани да се изведува Химната на Република Македонија .

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1996/1
14.11.2023 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

# СОДРЖИНА

1.Измени и дополнувања на буџетот на Општина Кочани за 2023 година (ребаланс), Бр .09-1985/1

Стр.10

2.План за изменување на Планот на програми за развој на општина Кочани за период од 2023-2025 година ), Бр.09-2006/1

Стр.11

3.Програма за изградба на јавно осветлување во Општина Кочани за 2023 година, Бр.09-1998/1

Стр.13

4.Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Кочани за 2023 година, Бр.09-1999/1

Стр.13

5.Програма за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2023 година, Бр.09-2000/1

Стр.14

6.Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2023 година, Бр.09-2001/1

Стр.15

7.Програма за изменување на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на Општина Кочани за 2023година, Бр.09-2002/1

Стр. 15

8.Програма за изменување на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација за 2023година, Бр.09-2003/1

Стр.16

9.Програма за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Кочани во зимски услови за 2023/2024 година, Бр.09-2004/1

Стр.23

10.Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на локалниот економски развој во 2023 година, Бр.09-2005/1

Стр.26

11.Одлука за определување на зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани, згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-1996/1

Стр.31

12.Одлука за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП бр. 2819 КО Полаки и на КП бр.509 КО Прибачево, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-1997/1

Стр.32

13.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество - кофинансирање на проектот „Уредување на СРЦ Поникве", Бр.09-2007/1

Стр.32

14.Одлука за обележување на возилата , сопственост на општина Кочани, Бр.09-2009/1

Стр.33

15.Заклучок за давање позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Крсте Петков Мисирков“ с. Оризари- Кочани во учебната 2023- 2024 година, Бр.09-1993/1

Стр.32

16.Заклучок за давање позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Никола Карев“ – Кочани во учебната 2023- 2024 година, Бр.09-1994/1

Стр.33

17.Заклучок за давање позитивно мислење на Програмите за изведување ученички екскурзии во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани во учебната 2023-2024 година, Бр.09-1995/1

Стр.33

18.Препорака за изведување Химната на Република Македонија, Бр.09-19921

Стр.34